**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ**

# ЈАСЕН

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 02-834/5
13. 11. 2019 год.
СКОПЈЕ


*Влада на Република Северна Македонија*

*Бр. ____________*
*Скопје,*

*ЈПУЗПП ЈАСЕН*
*11 Октомври 23 а*
*1000 Скопје*
*Тел. (02)3115-016*
*(02)3239-019*
*info@jasen.com.mk*
*www.jasen.com.mk*


Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје на седницата одржана на 13.11.2019 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА

за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје

Член 1

Во Статутот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје бр. 01-210/1 од 09.03.2015 година, членот 4 се менува и гласи:

" Фирмата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје на македонски јазик гласи:

" Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје ".

Скратениот назив на Јавното претпријатие на македонски јазик гласи:

"ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје ".

Фирмата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје на албански јазик гласи:

" Ndërmarrja publike për menaxhimin dhe mbrojtjen e rajonit me më shumë qëllime "JASEN" – Shkup ".

Скратениот назив на Јавното претпријатие на албански јазик гласи:

" NPMMRSH "JASEN" – Shkup ".

Во меѓународниот правен промет фирмата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје гласи:

" Public Enterprise for Managing and Protection of the Multipurpose Area "JASEN" – Skopje".

Скратениот назив на Јавното претпријатие во меѓународниот правен промет е:

"PEMPMA "JASEN" – Skopje". "

Член 2

Во членот 6 ставот 3 се менува и гласи:
"Печатот на ЈПУЗПП"ЈАСЕН" – Скопје е во тркалезна форма, со дијаметар од 4 сантиметри,со пречник од линија и во него полукружно е напишан текст со назив на фирмата: Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје / Ndërmarrja publike për menaxhimin dhe mbrojtjen e rajonit me më shumë qëllime, а во средишниот дел стои натпис "ЈАСЕН" - Скопје/"JASEN" - Shkup ".

Ставот 4 се менува и гласи:
"Штембилот е во правоаголна форма со димензии 60 x 30 mm и во него е впишан следниот текст:Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското

подрачје"ЈАСЕН"- Скопје / Ndërmarrja publike për menaxhimin dhe mbrojtjen e rajonit me më shumë qëllime"JASEN" – Shkup, а под текстот на називот на фирмата е оставено место за деловодниот број и датумот".

Ставот 5 се менува и гласи:

"Знакот (амблемот), на ЈПУЗПП"ЈАСЕН"- Скопје е составен од две различни кружници со ист центар. Во средината, на бела основа, е вписан цртеж во боја, на глава од дивокоза, чии рогови навлегуваат во просторот меѓу двете кружници обележан со зелена боја и го раздвојуваат натписот ЈПУЗПП на два дела по третата буква. На долниот дел од зелената површина, централно, стои натписот, "ЈАСЕН" при што сите букви се со жолта боја. Во левиот страничен дел од зелената површина помеѓу двете букви " Ј " стои натпис "NPMMRSH", а во десниот страничен дел помеѓу буквите "П" и" Н " стои натпис "JASEN", при што сите букви се со црна боја".

Член 3

Во членот 10 став 1 зборовите "Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија".

Член 4

Во членот 24 по став 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5, кои гласат:

"ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје ги доставува до основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 20 дена по истекот на тримесечјето.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје по усвојувањето на тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење од страна на управниот одбор, истиот го објавува на својата веб страница најдоцна 30 дена по истекот на тримесечјето.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје годишните сметки и финансиските извештаи ги објавува на својата веб страница во рок од 15 дена од денот на доставување на годишната сметка до Централен регистар на Република Северна Македонија".

Член 5

Во членот 21 став 3, членот 22 алинејата 4 и членот 26 ставови 3 и 5 зборовите "Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија".

Член 6

Во членот 28 став 1 алинејата 5 се менува и гласи:

"- ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие,".

Алинејата 21 се менува и гласи:

"-го избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, врз основа на распишан јавен конкурс согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија,".

Во ставот 2 зборовите "Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија".

Член 7

Во членот 30 став 5 по зборот " прегледува " се додаваат зборовите "тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење," .

Во ставот 6 по зборот " усвои " се додаваат зборовите " тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење,".

Член 8

Во точката 6 потточката 6.3 насловот " Директор" се менува и гласи: "Директор и заменик на директор".

Член 9

Членот 34 се менува и гласи:

"Со работата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје раководи директор кој има заменик што го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие во негово отсуство, кои ги избира односно разрешува управниот одбор.

Директорот и заменикот на директорот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје се избираат со мандат од четири години.

Управниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор. Управниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје три месеци пред истекот на мандатот на постојниот заменик на директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на заменик на директор.

Во објавениот јавен конкурс од ставот 3 на овој член се утврдуваат условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за директор и заменик на директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот.

Пристигнатите документи ги прегледува трочлена комисија избрана од управниот одбор и во рок од осум дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до управниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје.

Управниот одбор во рок од 15 дена од денот на доставувањето на документацијата од ставот 5 на овој член, донесува одлука за избор на директор и заменик на директор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје".

Член 10

Во членот 35 ставот 1 се менува и гласи:

"Директорот и заменик на директорот имаат право да учествуваат во работата на Управниот одбор и Надзорниот одбор, без право на глас."

Во ставот 2 зборовите "Директорот е одговорен " се заменуваат со зборовите "Директорот и заменикот на директорот се одговорни".

Во ставот 4 по зборот "Директорот" се додаваат зборовите " и заменикот на директорот".

Член 11

Во членот 38 ставот 2 се брише.

Член 12

Оваа статутарна одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Скопје,
13.11.2019

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје
Претседател на Управен одбор
Зоран Наков

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" СКОПЈЕ

## О б р а з л о ж е н и е:

Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје со седиште на ул.“ 11 Октомври бр23а –Скопје е формирано со Одлуката на Владата на Република Македонија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2019) регулирано е дека со работата на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија раководи директор кој има заменик што го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие во негово отсуство, кои ги избира односно разрешува Управниот одбор на јавното претпријатие.

Согласно член 1 став 3 од Законот за употреба на јазиците (“Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019), произлегуваат обврски за почитување на одредбите од овој закон во делот на називот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје , веб страницата, печатите и слично.

Имајќи ги во предвид Уставните амандмани XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI (“Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2019) во Статутот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје зборовите “Република Македонија“ се заменуваат со зборовите “Република Северна Македонија“.

Согласно горенаведеново, а во врска со член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје предлага изменување и дополнување на Статутот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје.